МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје

Број 02-305245/1

Дата 31-05-2022

MKT_GENERAL_ALL

2022001126810

**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2021 година и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 243118/1 од 28.04.2022 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2021 година (арх. бр. 305236/1 од 31.05.2022 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 31.05.2022 година, ја донесе следната:

# Одлука
## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2021 година и утврдување на дивиденден календар

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2021 година во вкупен бруто износ од 1.721.980.399,00 денари (една милијарда седумстотини дваесет и еден милион деветстотини осумдесет илјади и триста деведесет и девет денари) кој согласно Одлуката за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2021 година претставува нето добивката остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" наменета за исплата на бруто дивиденда.
Бруто износот на дивиденда по акција е 19,9638552605 денари (деветнаесет денари и деведесет и шест дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, доколку е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Датумот на пресек на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2021 година е 15.07.2022 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2021 година е 13.07.2022 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2021 година е 14.07.2022 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2021 година ќе се изврши до 30.09.2022 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со деталите поврзани со исплатата на дивидендата со објава на веб-страницата на Друштвото како и со известување преку Македонската берза за хартии од вредност, по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда на Друштвото за 2021 година и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**
**Викторија Аврамовска - Мадиќ**

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје